Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 13 и член 30 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија” бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија, на седницата одржана на 14 јули 2022 година, донесе

**ПРАВИЛА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛА ЗА СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

**Член 1**

Во Правилата за снабдување со електрична енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 172/18 и „ Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 138/19), во членот 29 во ставот (5) по зборовите „најмалку еднаш“ се додава зборот „квартално“.

**Член 2**

Овие правила влегуваат во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**Бр. 01-1830/1**
**14 јули 2022 година**
**Скопје**

**Претседател на**
**на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во основниот текст на Правилата за снабдување со електрична енергија во членот 29 во ставот (5) е утврдено дека за потрошувачите приклучени на низок напон без вграден мерен уред за регистрирање на едновремена врвната моќност или за потрошувачите со мерни уреди со вграден уред за регистрирање на едновремена врвната моќност, кај кои што врвната моќност не се фактурира, операторот на електродистрибутивниот систем врши отчитување на мерните уреди најмалку еднаш во текот на календарската година, додека за останатите категории на приклучоци утврдени во Тарифниот систем за дистрибуција на електрична енергија отчитувањето се врши на почетокот на секој календарски месец.

Отчитувањето на мерните уреди како што е утврдено да се врши согласно претходно цитираниот член од Правилата, е согласно востановената пракса на работењето на операторите на електродистрибутивните системи во повеќето земји членки на Европската Унија, како и во регионот и е во согласност со правото на Европската унија.
Меѓутоа, со оглед на тоа дека во текот на 2021 година како и во тековната 2022 година се пристигнати голем број на претставки и поплаки од потрошувачите со кои се наведува дека отчитувањето на мерните уреди се спроведува паушално и не кореспондира со фактичките износи на потрошената електрична енергија за соодветниот пресметковен период, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија пристапи кон измена на посочената одредба со што се утврди дека отчитувањето на мерните уреди ќе се спроведува квартално и со тоа ќе се обезбеди поголема заштита на правото на потрошувачите за правично определување на висината на услугата според реално направената потрошувачка на електрична енергија, а воедно ќе се задолжи операторот на електродистрибутивниот систем да спроведува редовна обврска за отчитување на мерните уреди.